

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јули 2022

Датум: 09.08.2022
Сектор за инвестиции

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. Тетекс АД Тетово ........................................................................................................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец јули 2022 година се одржа акционерско собрание на **Тетекс АД Тетово**, компанија во која задолжителниот пензиски фонд поседува акции и согласно Правилникот има обврска за присуство и известување.

## 1. Тетекс АД Тетово

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кое Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,05%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 29.07.2022 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на претседавач на Собранието<br>3. Записникот согласно член 407 од ЗТД го води нотар<br>4. Избор на бројач на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Избор на два члена на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово | |
| *Претставници на Собранието* | Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција | |

## II. Тетекс АД Тетово

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 29.07.2022 година со почеток во 12:00 часот во просториите на Друштвото, на ул. Браќа Миладинови бр. 1, Тетово. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на претседавач на Собранието
3. Записникот согласно член 407 од ЗТД го води нотар
4. Избор на бројач на гласови

**По предлозите од процедуралниот дел гласаше ЗА**

**Работен дел:**

1. Избор на два члена на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово
- Предлог Одлука за избор на членови на Одборот на директори

**Гласаше ЗА**

**Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Тетекс АД Тетово:**

На собранието преку коресподенција и лично присуствуваа акционери кои поседуваа 66,48% од акциите со право на глас.

Работниот дел од Дневниот ред се состоеше од една точка т.е. акционерите гласаа по предлог Одлуката, доставена од 13 акционери кои претставуваат 24% од вкупниот број на акции со право на глас, за избор на Бобан Гоговски-Дипломиран електро технички инженер, и Михаил Петковски - Проф. д-р по Економски науки, за членови на Одборот на Директори.
Предлогот беше едногласно усвоен од акционерите претставувани на собранието, односно за нови членови на Одборот на директори со мандат од шест години се избраа Бобан Гоговски и Михаил Петковски, како независен член. Претседавачот на собранието исто така констатира дека на Генералнит директор м-р Глигорие Гоговски му престанува функцијата извршен директор на Тетекс АД Тетово, на ден 05.06.2022 година, поради смрт.
Врз основа на приложените биографии, Сава пензиско друштво АД Скопје одлучи да го поддржи изборот на предложените кандидати. Во наредниот период Друштвото активно ќе го следи корпоративното управување во Тетекс АД Тетово, и ќе настојува преку комуникација со менаџментот и преку заземени ставови и гласање на акционерските собранија да влијае за подобрување на корпоративното управување, што е во интерес на нашите членови.